# Самоевалуација за работата на ООУ „Димо Хаџи Димов“ за учебните 2023/2024 и 2024/2025 година



Јуни, 2025

| | |
|---|---|
| Училиште | ООУ „ Димо Хаџи Димов“ – Скопје |
| Адреса | ул. „ Ангел Динев“ бр. 5, општина Карпош |
| Телефон, е-пошта | 02 / 2041 – 635, dimohdimov@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | 2023 - 2025 |
| Број на ученици во училиштето | 739 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Лела Николоска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Борче Треновски |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| 1.1 Планирања на наставниците<br><br>1.2 Наставен процес<br><br>1.3 Искуства на учениците од учењето<br><br>1.4 Оценувањето како дел од наставата<br><br>1.5 Вонннаставни активности и натпревари |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Наставни планови и програми БРО / МОН<br>-Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Годишни планирања на наставниците;<br>-Електронски дневници на паралелките;<br>-Дневни оперативни планови и сценарија за наставни часови на наставниците;<br>-Записници од извршена проверка на годишни планирања и тематско-процесни Планирања;<br>- Истакнат распоред на часови. | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Предметните и одделенските наставници, вработени во нашето училиште на време ги доставуваат годишните, тематските и тематско – процесните планирања. Училиштето има систем за следење на планирањата на наставниците, а следењето го врши директорот и педагошко-психолошката служба. Годишните планирања на наставниците се доставуваат на увид пред почетокот на учебната година (последната седмица во месец август). Дел од наставниците планирањата ги доставуваат во печатена форма, а некои во електронска форма. За поддршка на наставниците, во насока за поефикасно да ги изработуваат планирањата, нашето училиште обезбедува: стручна литература издадена од МОН, дополнителна стручна литература, наставни средства, консултации, размена на искуства и идеи во рамките на Стручните активи и стручни усовршувања на наставниците (интерни и екстерни) преку редовни обуки и семинари организирани од МОН и БРО.<br>За реализација на наставните планови и програми, наставниците од осмо и деветто одделение изработуваат дневни оперативни планови, а наставниците од прво до седмо одделение изработуваат сценарија за наставен час. Дневните оперативни планови и сценаријата за наставен час се следат од страна на педагошко - психолошката служба и директорот на училиштето. Дневните оперативни планови и сценаријата за наставен час содржат неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот,а во нив е застапен диференциран пристап и тежински нивоа. Целите на наставата, формите, методите, техниките и начинот на оценување јасно се утврдени во индивидуалните планирања на наставниците.<br>Наставниците имаат предвидено часови со примена на ИКТ во наставата и тие часови ги реализираат според планирањата. Во учебните 2023/24 и 2024/25 година примената на ИКТ во наставата значително е зголемена поради зголемената опременост на училниците со смарт табли и смарт панели. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците изготвуваат планирања за час на одделенската заедница, додатна настава, дополнителна настава, како и за воннаставни активности.<br>Распоредот на часови е истакнат на огласна табла во наставничка канцеларија, во холот на училиштето и кај директорот на училиштето, а во печатена и електронска форма се наоѓа кај стручната служба. Исто така, распоредот на часови е објавен на училишната веб страна.<br>Во распоредот на часови за учениците од I – V одд. внесени се часови за додатна и дополнителна настава во делот на други активности. Часовите за додатна и дополнителна настава редовно се реализираат со учениците од II – IX одделение, а во термините во некои паралелки е застапен и осми час за реализација на тие часови (во предметна настава). Исто така, во распоредот на часови за учениците од VIII – IX одд. внесени се и часовите за слободни ученички активности, планирани според Годишната програма за работа на училиштето.<br>Распоредот на часови е изготвен о д првиот училишен ден, односно на почетокот од учебната година. Распоредот на часови за реализирање на наставата е во согласност со наставниот план и во најголем дел ги задоволува интересите на учениците и наставниците.<br>Наставниците имаат добра соработка и со наставници од други училишта. Одделенските наставници кои предаваат од I – V одд. планираат корелација меѓу содржини и наставни предмети. Меѓупредметната корелација ја внесуваат во неделната распределба |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците имаат добра соработка и со наставници од други училишта. Одделенските наставници кои предаваат од I – V одд. планираат корелација меѓу содржини и наставни предмети. Меѓупредметната корелација ја внесуваат во неделната распределба |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишно планирање и | Реализација на наставни планови и програми | Во текот на учебната 2024/2025 година, училиштето целосно ја спроведе наставната програма во согласност со плановите |

| | | |
|---|---|---|
| извештаи од работата на ТУИ за реализираните МИО активности;<br>- Разговори со членови од ТУИ;<br>- Годишни планирања на наставниците;<br>- Електронски дневници на паралелките;<br>- Дневни оперативни планови и сценарија на наставни часови;<br>- Ученички портфолија;<br>- Анкети со наставници и ученици;<br>- Извештаи од инклузивниот тим;<br>- Евиденција/ регистар на ученици со ПОП;<br>- Разговори со ИТ. | | и наставните документи одобрени од Министерството за образование и наука (МОН) и изготвени од Бирото за развој на образованието (БРО).<br>Наставните содржини се реализираат во целосен обем, со почитување на утврдениот број часови и без никакви отстапувања од предвидените програми за било кој наставен предмет.<br>При реализацијата на наставниот процес, наставниците користат различни методи, стратегии и техники кои се прилагодени на возраста и потребите на учениците. Во наставата се применуваат иновативни пристапи и наставни помагала со кои располага училиштето, со цел подобрување на квалитетот на учењето и активното вклучување на учениците.<br>Во рамките на распоредот на часови се предвидени и редовно се реализираат часовите за задолжителните предмети, слободните изборни предмети/изборните предмети и часовите за дополнителна и додатна настава. Овие часови се одржуваат континуирано и нивната реализација се евидентира во електронските дневници на соодветните паралелки.<br>Сите наставници имаат изготвено годишни планирања и подготвуваат дневни оперативни планови или сценарија за реализација на наставните часови.<br>Наставните планови и програми се достапни за сите – наставници, родители и ученици. На почетокот од учебната година, училиштето ги информира родителите за содржината и организацијата на наставните планови, со акцент на слободните изборни предмети/изборните предмети. Сите наставни програми се објавени на веб-страната на Бирото за развој на образованието (БРО).<br>Родителите се запознаваат со наставните планови и програми преку родителски средби, состаноци на Советот на родители, Училишниот одбор, преку училишни брошури. Учениците се информираат на самиот почеток од учебната година за планот и програмата по секој предмет од страна на одделенските и предметните наставници.<br>Училиштето ги прилагодува наставните програми според можностите на учениците со посебни образовни потреби. Во училиштето во учебната 2024/25 година се идентификувани 26 ученици со посебни образовни потреби кои имаат наод и |

| | | |
|---|---|---|
| | | мислење од здравствени установи, како резултат на постојана комуникација и соработка со нивните родители. Од вкупниот број на ученици со посебни образовни потреби, само 12 ученици работат според прилагодени програми Индивидуален образовен план (ИОП). Индивидуалните образовни планови ги изработуваат наставниците во соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор и педагошко – психолошката служба, по претходно дадена согласност од родителот/ старателот.<br>Училиштето ја спроведува постапката за реализација на Проширената програма. Организира прифаќање и згрижување на учениците еден час пред почетокот и еден час по завршувањето на редовната настава, што го врши дежурен наставник. Продолжениот престој е организиран за учениците од иста паралелка (I, II и III одделение), по одобрување од Министерството за образование и наука. Учениците се вклучуваат во продолжениот престој уште при уписот, по согласност на родителите/старателите.<br>Наставата во продолжен престој за учениците од I до III одделение се организира согласно Упатството за настава во продолжен престој за ученици од иста паралелка, кое е донесено од страна на министерот на предлог на Бирото за развој на образованието. |
| | Избор на наставни предмети | Постапката за избор на изборни предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети.<br>Во согласност со упатствата од Министерството за образование и наука (МОН), при изборот на изборни предмети за учениците од VIII до IX одделение, како и слободни изборни предмети за учениците од IV до VII одделение, наставниците подготвуваат анкетни листи со понуда од три изборни предмети. По изборот, училиштето навремено ги известува Бирото за развој на образованието (БРО) и Министерството за образование и наука (МОН) за избраните предмети.<br>Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците самостојно да вршат избор на наставни предмети според нивните интереси и потреби. Учениците вршат избор на наставни предмети според наставниот план и програма добиени од БРО со претходно информирање од страна на |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето на родителските состаноци со помош на анкетни листови. Таков избор вршат сите ученици без разлика на полот и етничката припадност. Предметите што се нудат како избор на учениците се избрани согласно кадровските можности на училиштето.<br>Слободните изборни предмети, кои се посебна категорија, се реализираат во првиот образовен период (I до III одделение) преку слободни изборни активности. Тие ги организираат одделенските наставници во соработка со учениците. Во времето предвидено за слободен изборен предмет, секој ученик има можност да избере активности по своја желба како дополнување на наученото во текот на денот или седмицата. Исто така, целата паралелка може да се одлучи за заедничка активност која ги поттикнува личниот и социјалниот развој на учениците. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници, стручна литература, интернет (веб страната на БРО и други образовни веб страни), училишна библиотека, цртежи, слики, нагледни средства и материјали.<br>Изборот на задачи и активности наставниците ги планираат и тие се поврзани со работата на учениците на наставните часови и се во соогласност со предвидените цели во наставата.<br>Се задаваат домашни работи со избор на задачи и активности со различно ниво на сложеност со кои учениците треба да ги применат своите знаења стекнати за време на часовите. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Наставниците имаат пристап во работата и комуникацијата со учениците кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.<br>Наставниците ги разбираат потребите на учениците и кон нив се однесуваат со почит. Учениците можат да се изразат за време на часовите и можат слободно да ги прашуваат наставниците. Наставниците на часовите ги поттикнуваат учениците на активност и за поставување прашања за дополнително разјаснување.<br>Наставниците најчесто предаваат на часовите и поттикнуваат дискусија и поставување на прашања. Почесто применуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | работа во парови и групи со учениците. Повеќето наставници се изјаснија дека на часовите користат практични активности, истражувања и проекти и слично.<br>Учениците сметаат дека наставниците често користат практични активности, истражувања и проекти и работа во парови и групи.<br>Најголем дел од учениците се изјаснија дека можат слободно да се изразат и да поставаат прашање за време на часот.<br>Најголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците секогаш ги поттикнуваат на активност на часот.<br>Поголем дел од наставниците ги разбираат потребите на учениците и кон нив се однесуваат со почит. |
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставник на ученикот со ПОП.<br>Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.<br>Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП според препораките од МКФ. Во изминатите две учебни години во училиштето не се работеше по модифицирана програма наменета забученици со ПОП. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и училиштето доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за деца со посебни образовни потреби. |

| | | |
|---|---|---|
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Тимот за училишна интеграција (ТУИ) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирани во Годишната програма на училиштето и заеднички активности со партнерското училиште.<br>За тоа подготвува полугодишни и годишни извештаи. Наставниците планираат и спроведуваат МИО активности во своите годишни планирања. ТУИ, исто така, се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО.<br>Спроведува организирани заеднички активности со партнер училиштето со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици, согласно со Упатството за организација на заеднички наставни часови.<br>Заедничките активности со партнер училиштето се реализираат кога ќе се добијат финансиски средства преку грантови од МОН. |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Документација од посетени часови од страна на директорот и стручната служба;<br>- Уредени паноа;<br>- Дневни оперативни планови и сценарија за наставни часови;<br>- Електронски дневници на паралелките;<br>- Записници во воннаставните подрачја во | Средина и атмосфера за учење | Учениците го доживуваат училиштето како стимулативна средина за учење поради примената на современи методи и техники за учење, осовременувањето на просториите, другарувањето, меѓусебното почитување и соработката. Вклучувањето на училиштето во проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ овозможи да се унапреди прифаќањето на меѓусебните разлики во културите и да се надминат етничките стереотипи и предрасуди.<br>Трудовите на учениците се изложени на видни и соодветни места во училницата и во училишните холови.<br>Училиштето ги стимулира и мотивира учениците со различни стилови на учење и преку:<br>- вклучување во слободни ученички активности, дополнителна и додатна настава;<br>- јавни признанија (пофалници, дипломи и награди);<br>- вреднување и истакнување на ученичките трудови;<br>- повремена хуманитарна помош на ученици од социјално<br>- загрозени семејства. |

| | | |
|---|---|---|
| дневниците на паралелките;<br>- Записници на Ученичкиот парламент;<br>- Записници на Детската организација;<br>- Кодекс на однесување Разговори на состаноци на Заедницата на паралелката и Ученичкиот парламент (решавање проблеми и надминување предизвици);<br>- Ученички портфолија.<br>- Записници од работата на Детската организација и Ученичкиот парламент;<br>- ИОП за ученици со посебни образовни потреби;<br>- Годишни програми за работа на СУА,<br>- Дополнителна и додатна настава; | | Сите ученици рамноправно се вклучуваат во активностите на часовите во задолжителната настава и во воннаставните активности. Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и ги мотивираат сите ученици активно да се вклучуваат во учењето/наставата. Учениците се поттикнуваат и охрабруваат да преземаат лична одговорност преку:<br>- јавно искажување на своето мислење и ставови;<br>- поставување и решавање на проблем ситуации;<br>- активности на Часот на одделенската заедница (реализација на програмата „Образование за животни вештини“);<br>- вклучување на одговорности;<br>- изложени ученички трудови;<br>-информативно катче (јавно истакнување на пофалени и наградени ученици);<br>Има мотивирачка атмосфера, почит и соработка меѓу учениците и наставниците. Учениците остваруваат добра и корисна соработка со возрасните во училиштето. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби на учениците, а надареноста кај учениците и пречките во процесот на учење се идентификуваат систематски. |

| | | |
|---|---|---|
| - Анкети и прегледи за изборни предмети, додатна настава и СУА. | | |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Годишни планирања на наставниците;<br>- Етички кодекс за оценување на постигањата на учениците.<br>- Стандарди за оценување;<br>- Евидентни листови во е-дневник;<br>- Ученички портфолија;<br>- Дневни оперативни планови/ сценарија за наставен час;<br>- Ученички досиеја;<br>- Е-Дневници на паралелките;<br>- Бележник за континуирано евидентирање на напредокот на учениците. | Училишна политика за оценување | Во училиштето се применуваат законските прописи што го регулираат оценувањето. Оценувањето на учениците е описно (I–III одд.), описно и бројчано (IV–VI одд.) и бројчано (VII–IX одд.).<br>Оценувањето е во согласност со стандардите и критериумите за оценување. Напредокот на учениците се следи преку формативно и сумативно оценување.<br>Училиштето има дефинирана политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи интерен Етички кодекс за оценување на постигањата на учениците. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците и стручната служба континуирано го следат и евидентираат напредокот на учениците. За следење на напредокот на учениците, се користат различни методи, инструменти и начини на оценување:<br>- следење;<br>- набљудување;<br>- тестови;<br>- контролни задачи;<br>- писмени работи;<br>- наставни листови;<br>- проектни активности;<br>- учество на час при обработка на наставна единица;<br>- едукативни игри и квизови;<br>- практична работа;<br>и др.<br>- метод на истражување;<br>- чек листи;<br>- бодовни листи;<br>- контролна листа за презентација;<br>- листа за бодирање оценување извештај од проект;<br>- бодовна листа за оценување на истражување;<br>- холистичка листа за оценување на писмено изразување |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>- експериментални методи; - портфолија и друго.<br>- методи на решавање на проблем;<br>Учениците се вклучени во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување.<br>Контролните задачи и писмените работи се изработени самите наставници и повеќето од нив се со формативно оценување, со пишани повратни информации.<br>За да се направи разлика во оценувањето на ученици со различни способности, некои наставници подготвуваат и применуваат тестови со диференциран пристап.<br>Учениците редовно добиваат повратни информации за својот напредок и постигнувањата преку:<br>- усна или писмена повратна информација;<br>- јавно објаснување за секоја оценка;<br>- писмена оценка во евидентните листови од МОН (квартално);<br>- индивидуални разговори на Час на одделенската заедница;<br>- ученички портфолија;<br>- евидентирање на следењето на напредокот на учениците во наставнички бележници.<br>Во однос на коефициентот на континуитет на успехот од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината, има мало отстапување.</td></tr>
<tr><td></td><td>Коефициент на континуитет на успехот на учениците</td><td>Во однос на коефициентот на континуитет на успехот од двете претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината, има мало отстапување<br><table><tr><td>учебна година</td><td>среден успех на полугодие</td><td>среден успех на крај на година</td><td>отстапување</td></tr><tr><td>2023/2024</td><td>4,55</td><td>4,88</td><td>0,33</td></tr><tr><td>2024/2025</td><td>4,48</td><td>4,79</td><td>0,31</td></tr></table></td></tr>
<tr><td></td><td>Користење на</td><td>Учениците редовно добиваат повратна усна и писмена</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | информациите од оценувањето во наставата | информација за постигнатиот успех од страна на наставниците. Заедно дискутираат за постигањата на учениците како и за нивниот индивидуален напредок.<br>Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и реализацијата на наставата и воннаставните активности.<br>Педагошко - психолошката служба квартално изработува аналитика и статистичка листа за постигнатите резултати на учениците која подоцна служи за споредување на резултатите од претходните генерации. |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Програми за дополнителна настава, додатна настава и слободни ученички активности;<br>-Програми за воннаставни активности;<br>-Годишна програма за работа на Детска организација;<br>-Програма за Грижа за здравјето на учениците;<br>-Програма за ПЦК; | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Во рамките на општествено-корисна и хуманитарна работа се организираат собирни акции во храна и хигиенски средства, хуманитарни акции (училишен прибор, книги, парични средства) и другиактивности.<br>Ученичките екскурзии и излети се планираат и изведуваат според Правилник донесен од МОН и однапред изготвени училишни програми за екскурзии, што се одобрени од Бирото за развој на образованието.<br>Во рамки на грижа за здравјето на учениците, во соработка со Поликлиника Ѓорче Петров, се реализираат систематски прегледи, стоматолошки прегледи со залевање на забите, вакцинации, едукативни предавања и работилници.<br>Учениците се анкетираат за вклучување во додатна настава и слободни ученички активности, што ги избираат според своите афинитети и интереси.<br>Секој наставник поединечно реализира часови за додатна настава и слободни ученички активности. Во училиштето се планираат и реализираат часови за слободни ученички активности со учениците од VI - IX одд. застапени со еден час седмично. Секој предметен наставник поединечно реализира часови за слободни ученички активности, па согласно на тоа во училиштето работат секции по сите наставни предмети. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со | Најголем број од учениците се вклучени во една и повеќе воннаставни активности за поддршка на личниот и професионалниот развој без оглед на нивниот пол, етничка |

| | | |
|---|---|---|
| | вонnаставните активности | припадност, нивните можности и способности. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонnаставните активности | Учениците се вклучени во вонnаставните активности по сопствен избор. Во вонnаставните активности се вклучени и ученици со ПОП. Учениците имаат клучна улога во подготвувањето на програмите за работа на вонnаставните активности. Учениците учествуваат во планирањето на вонnаставни активности со давање свои предлози за содржини и активности. Во училиштето редовно се реализираат вонnаставни активности за кои наставниците имаат изготвено програми. Соодветно ја евидентираат реализацијата и постигањатана учениците. Во истите застапени се деца без оглед на половата и етничката припадност. Голем број ученици се вклучени во Еко - проектот, а во Еко-одбор членуваат околу 10 ученици. Во училиштето функционираат еко-патроли. Еко-патролите изготвуваат извештаи за реализираните еколошки активности. Придобивките од вонnаставните активности се големи, постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се прошируваат знаењата, умеењата и вештините, а притоа се афирмира училиштето. Учениците подолго време минуваат во училиште, а со тоа поголема е можноста од заштита од сите негативни надворешни влијанија. |
| | Натпревари | Учениците покажуваат голем интерес за учество на конкурси и натпревари во училиштето и надвор од него, при што постигнуваат солидни резултати. Училиштето се афирмира преку: освоени награди на натпревари од повисок ранг, објави на училишната веб-страна, објави на социјалната мрежа – Facebook и др. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето им дава поддршка на наставниците за креирање квалитетни планирања за работа (годишни, тематски, неделни, дневни сценарија, личен план за професионален развој) преку обезбедување редовни обуки и семинари за наставниците за нови наставни методи, технологии и алатки, овозможување на професионален развој преку учество во конференции и работилници, обезбедување повратни информации на наставниците за нивната работа, со предлози за подобрување, работа на проекти и слично. Планирањата на наставниците соодветно се следат од страна на директорот и стручните соработници. Наставниците разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручни активи и соработка со други училишта. Наставниците имаат клучна улога во реализација на наставниот процес, обезбедувајќи им на учениците неопходните знаења и вештини за понатамошен успех.

Наставните планови и програми во целост се реализираат од страна на наставниот кадар. Училиштето нуди широк спектар на слободни изборни активности и слободни изборни предмети кои ги покриваат интересите на учениците, според нивната возраст и нивните способности. Изборот на слободни изборни предмети се врши согласно пропишаната процедура од МОН и БРО за избор на наставен предмет. Во училиштето се употребуваат различни задачи, активности и ресурси за да се создаде поттикнувачка средина за развој и учење. Наставниците го приспособуваат изборот на задачите, активностите и ресурсите според индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат современи методи и техники во наставата. Интеракцијата помеѓу наставниците и учениците е на одлично ниво и таа се реализира преку отворена комуникација. Учениците се охрабруваат да поставуваат прашања и да изразуваат свои мислења. Во наставата се промовира активно слушање. Се применуваат редовни и конструктивни повратни информации за напредокот на учениците. Наставниците ги препознаваат потребите на учениците и нудат помош, особено за оние кои имаат потешкотии или специфични потреби. Наставниците се однесуваат кон учениците со прифаќање, почит, соработка, мотивација и разбирање. Во училиштето се реализира образовна инклузија. Инклузивниот тим на ученикот обезбедува поддршка за изработка на ИОП со сите наставни предмети, согласно законска регулатива. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Во училиштето работи и Тим за надарени и талентирани ученици. Тим за училишна интеграција (ТУИ) го спроведува акцискиот план за следење на реализација на активностите на МИО планирани во ГПРУ, проектни активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, мотивирачка, инклузивна и интеркултурна средина што поттикнува интерес за учење. Најголем дел од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци од она што го учат. Наставниците и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголемиот број наставници заедно со стручните соработници во процесот при учење користат различни интерактивни техники, со што овозможуваат на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Училишна политика за оценување има за цел да обезбеди

транспарентност, фер и конзистентност во процесот на оценување и да ги поддржи учениците во нивното академско и лично развивање. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Наставниците користат информации кои се добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата, како и реализирањето на наставата Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Во училиштето со учениците се реализираат општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности. Опфатени се ученици од различен пол и возраст. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво од акредитирани здруженија или од меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. Јавноста редовно се информира за постигнувањата на учениците на одржаните натпревари преку Фејсбук страната и веб страната на училиштето.

**Силни страни**

- Целосна реализација на Годишната програма за работа на училиштето;
- Успешна соработка на наставниците со стручните соработници;
- Примена на разновидни наставни методи, форми и техники на работа и различни приоди на учење кои се соодветни на потребите на учениците;
- Зголемена примена на ИКТ во наставата која овозможува посовремен и иновативен пристап за стекнување на знаења;
- Демократски пристап при оценувањето на учениците и секој ученик е навремено известен за сопствениот успех, односно за постигањата по сите наставни предмети;
- Изработени анализи на постигнатиот успех, поведението и редовноста на учениците;
- Континуирана и конструктивна соработка со родителите;

Високи постигања на натпреварите од повисок ранг.

**Слаби страни**

- Недоволен простор за реализација на програмата на учениците со ПОП

**Приоритети**

- Континуирано одржување на постоечката техничка опрема (компјутери, печатачи, смарт панелии сл.) и навремена замена на неисправната и застарена опрема со нова, како и збогатување на постоечката

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| 2.1 Постигања на учениците<br><br>2.2 Мерки за подобрување на постигањата |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Е-дневник;<br>- Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето;<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Извештаи од стручна служба;<br>- Споредбени прегледи од резултати од оценувањето;<br>- Анализи за успехот и поведението на учениците кои се изработуваат квартално;<br>- Записници од Наставнички совет и Одделенски совети;<br>- Записници од Стручни активи;<br>- Евидентни листови за успехот на ученикот / чката;<br>- Главни книги | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | **СПОРЕДБА НА УСПЕХОТ ВО ТЕКОТ НА ДВЕ ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ГОДИНИ (IV –IX ОДД.)**<br><br>**Учебна година** — **Општ успех**<br>2023 / 24 — 4.88<br>2024 / 25 — 4.79<br><br>**СПОРЕДБА НА ПОВЕДЕНИЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ТЕКОТ НА ДВЕ ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ГОДИНИ (I –IX ОДД.)**<br>**Поведение на учениците за учебна 2023/24 год.**<br>примерно — 722 ученици<br>**Поведение на учениците за учебна 2024/25 год.**<br>примерно — 740 ученици |
| | Резултати од екстерни тестирања | ТИММС тестирањето се реализираше во учебната 2023/2024 год. и беа опфатени ученици од две паралелки на V одделение. Учениците се тестираа по предметите природни науки и математика. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Во училиштето има ученици со потешкотии во учењето. Во училиштето има ученици со наод и мислење од соодветни здравствени установи (ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост“, ЈЗУ Здравствен дом Скопје- ОЕ Служба за функционална проценка на деца и млади и други установи).<br>Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето и учениците со пречки во равојот ја вршат одделенските наставници/раководителите на паралелките, предметните наставници, стручната служба и родителите. Учениците со посебни образовни потреби најпрво се идентификуваат при запишувањето во прво одделение од страна на стручната служба |

| | | |
|---|---|---|
| | | и истите се следат во текот на учебната година во соработка со одделенскиот наставник. Наставниците кои работат со ученици со посебни образовни потреби изработуваат индивидуални образовни планови, во соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор, педагошко-психолошката служба на училиштето и родителите/старателите на учениците. Подобрувањето на постигањата на овие ученици се врши преку организирање и реализирање на редовна настава и дополнителна настава.<br>Во нашето училиште има надарени ученици, а начинот на нивната идентификација ја врши секој наставник во соработка со стручната служба. Во согласност со критериумите за изработка на Годишната програма на училиштето, формиран е тим за изработка на Програма за работа со талентирани деца кои се идентификуваат со изготвени инструменти – изготвени од страна на тимот и преку организирани работилници, кои имаат за цел да олеснат идентификација и работа со талентирани ученици. Со надарените и талентираните ученици се работи преку моделот за организирање на додатна настава, на која се врши продлабочување на знаењата по одделни воспитно - образовни подрачја. Наставниците по секој наставен предмет имаат изготвено годишна програма за реализација на додатна настава по која работат во текот на учебната година. Од тие ученици се селектираат најсоодветните ученици кои учествуваат во натпревари, конкурси и други активности на кои освојуваат награди, а воедно се афирмираат себеси и нашето училиште. Наставниците изработуваат менторски програми за работа со надарените ученици со цел успешно да ги подготвуваат за училишни натпревари и натпревари од повисок ранг. Натпреварите на кои учествуваат учениците ги опфаќаат речиси сите наставни предмети. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците преку кои даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката со детални препораки за подобрување на постигањата на ученикот. На крајот на првото и третото тримесечие, како и првото полугодие одделенските наставници и раководителите на паралелките изготвуваат евидентни листови со информации за успехот и |

| | | |
|---|---|---|
| | | поведението на учениците од I до IX одделение. Од родителите се бара да дадат повратни информации, по што се преземаат соодветни активности за подобрување на успехот и постигањата на учениците.<br>Родителите секогаш редовно и навремено се известуваат за напредокот и поведението на учениците преку:<br>- приемен ден за индивидуален разговор на родителите со наставниците;<br>- родителски отворени средби (отворен ден) на училиштето за известување на родителите за напредокот на нивните деца со детални препораки за подобрување на постигањата (2 – 4 пати во годината);<br>- општи родителски средби (5 задолжителни и по потреба);<br>- евидентни листови за успехот со опис на постигањата на учениците;<br>- информации преку е-маил или СМС од Е - дневник;<br>- квартални извештаи на училиштето презентирани пред Советот на родители. Стручната служба преку инструктивни разговори со наставниците, поддршка на учениците и советодавни разговори со родителите влијае со препораки за подобрување на успехот кај учениците кои имаат потешкотии во учењето и постигнуваат послаб успех. |
| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Процедура за грижа за учениците кои подолго време отсуствувале од настава заради проблеми со здравјето, хронични заболувања, тешки повреди и телесни пречки;<br>- Закон за основно | Редовност во наставата | Училиштето континуирано ја следи редовноста на учениците во текот на целата учебна година според полот и етничката припадност. Се анализираат причините за отсуство на учениците и се преземаат активности за нивно надминување. Податоците за изостаноците на учениците се дадени во Годишните извештаи за работа на училиштето.<br><br>**Учебна година** \| **Оправдани** \| **Неоправдани** \| **Вкупно** \| **Просек**<br>2023/24 \| 10 502 \| 349 \| 10 851 \| 15,03<br>2024/25 \| 12 011 \| 295 \| 12 306 \| 16,63 |

| | | |
|---|---|---|
| образование;<br>- Документација од реализрани советувања со родители;<br>- Правилник за начинот на изрекување на педагошките мерки. ---Правилник за видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците.<br>- Програма за дополнителна настава | | Од табеларниот приказ се гледа дека во последните две години вкупниот број на изостаноци е во пораст пришто се зголемува и просекот на направени изостаноци по ученик. Оправданите изостаноци се направени од учениците заради болести и заради одобрено ослободување од настава од страна на директор или родител. Изостаноците навремено се регулирани со лекарска потврда, оправдување од родител и писмено одобрение од директорот за ослободување на ученици од настава заради оправдани причини. Од споредбената анализа може да се забележи дека бројот на неоправдани изостаноци се намалува. Во однос на неоправданото отсуство од настава истите се направени заради доцнење на часови. Училиштето систематски го следи редовното доаѓање на учениците во училиште кое се евидентира во дневниците на паралелките (Е-дневникот). На состаноците на Совет на одделенски наставници и Совет на предметни наставници, одделенските наставници и раководителите на паралелките даваат извештај за редовноста на учениците, при што се разгледува причината за отсуството. Навреме се преземаат конкретни активности за обезбедување редовност на учениците во училиште. Одделенските раководители / раководителите на паралелките навремено се обраќаат кај родителот/старателот, прибираат информации зошто ученикот отсуствувал, пришто училиштето обезбедува лекарски потврди за отсуставата. Ако нема повратна информација, тогаш се вклучува стручната служба и по службен пат испраќа покана до родителите за разговор. Доколку има потреба, училиштето се обраќа до Државен просветен инспекторат и до ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Скопје. Училиштето има Процедура за грижа за учениците кои подолго време отсуствувале од настава заради проблеми со здравјето, хронични заболувања, тешки повреди и телесни пречки.<br>Според член 76 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 5.08.2019) ако ученикот има 10 неоправдани изостаноци родителот се упатува на советување пришто му се дава покана за советување. Психологот редовно ги врши советувањата според претходно изготвена програма за советување. Редовно се водат записници за реализираното советување. Навремено и според училишен правилник се |

| | | |
|---|---|---|
| | | изрекуваат педагошки мерки за направени неоправдани изостаноци, а како резултат на овие активности бројот на неоправдани изостаноци бележи постојан пад.<br>Училиштето исто така врши советување на родители за успехот и поведението на учениците за навремено преземање мерки и подобрување на дисциплината и успехот на учениците. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Секое дете може да го достигне својот максимум ако му се даде соодветна можност. Училиштето ги презема сите потребни активности за да им овозможи |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Секое дете може да го достигне својот максимум ако му се даде соодветна можност. Училиштето ги презема сите потребни активности за да им овозможи на сите ученици подобри услови и можности за постигнување на солидни образовни резултати. Затоа наставниците им даваат поддршка на сите ученици, ги третираат учениците рамноправно и правично, ги препознаваат нивните индивидуални разлики и ги земаат во предвид во својата работа. Стручните соработници ја темелат работата врз основа на континуирана опсервација и проценка на напредокот на нивното здравје, нивните потенцијали, силните страни, вештините и семејното опкружување. Училиштето води целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој. Во текот на годината, стручната служба и наставниците прават анализи за потребите на учениците, но и за наставниците, кои ќе доведат до подобрување и унапредување на наставата.<br>Дополнителната настава се реализира со цел да се обезбеди помош и поддршка на учениците за полесно совладување на наставната содржина. Оваа настава се спроведува за учениците од II до IX одделение, кои имаат потешкотии во учењето, заостануваат по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Воедно, се поттикнува развојот на когнитивните процеси, како и стекнувањето на работни навики и социјални вештини. Примената вклучува индивидуална работа, работа во парови и тимска работа. Содржините, методите и средствата кои се користат во дополнителната настава се направени индивидуално и прилагодени на потребите на секој ученик. За успешна реализација на оваа настава, потребно е континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| | | следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и постојана контрола на неговите развојни особености и потреби. Следењето се реализира преку набљудување на часови, евидентни листови и работни листови за учениците. Родителите на учениците кои следат дополнителна настава се редовно и уредно известени |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
|---|
| Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и етничката припадност, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.<br>Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира.<br>Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури. Учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е- дневникот кој уредно се води, на општите родителски средби, отворените родителски средби и приемните денови на наставниците.ѝ<br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (ЈУ Центар за социјална работа на град Скопје и сл.), локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.<br>Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати.<br>Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.<br>Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето.<br>Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето.<br>Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната настава придонесува кон подобрување на постигањата. |
| **Силни страни** |
| • Успешно детектирање на ученици кои имаат потешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето);<br>• Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите за постигањата на учениците.<br>• Постои успешна соработка меѓу наставниците при преминувањето на учениците од еден во друг образовен циклус; |

- Наставниците преземаат континуирани активности за подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност;
- Систематски се следи, споредува и анализира состојбата на успехот и постигањата на учениците;
- Ефикасен систем за следење на изостаноци и навремена интервенција.

**Слаби страни**

- Наставниците не се доволно едуцирани за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето;
- Потреба од професионална дообученост на стручната служба и наставниците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици.

**Приоритети**

- Едукација на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост, ученици со специфични тешкотии во учењето, ученици со емоционални проблеми);
- Едукација на стручната служба и наставниците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 3.1 Училишна клима<br><br>3.2 Еднаквост и правичност<br><br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br><br>3.4 Севкупна грижа за учениците |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 3.1 Училишна клима</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr><td rowspan="3">- Знаме и лого на училиштето;<br>- Кодекс за однесување на воспитно – образовниот кадар;<br>- Кодекс за однесување на учениците;<br>- Кодекс за однесување на родителите;<br>- Дневник на паралелка;<br>- Полугодишни и годишни извештаи на училиштето;<br>- Правилник за видовите пофалби, награди и педагошки мерки;<br>- Записници од наставнички совети</td><td>Углед/имиџ на училиштето</td><td>Имиџот на нашето училиште е на високо ниво. Угледот се гради преку реализирање на квалитетна настава и организирање разновидни вонnаставни активности. Нашето училиште има своја химна. Исто така, нашето училиште има свое знаме и лого. Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија. Учениците освојуваат многубројни награди на различни училишни натпревари и натпревари од повисок ранг (општински, градски/регионални и државни натпревари). Промовирањето на постигањата на учениците се реализира преку училишна веб страна и други медиуми.</td></tr>
<tr><td>Кодекс на однесување</td><td>Постојат повеќе кодекси кои се однесуваат на сите субјекти во нашето училиште:<br>- Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и кодекс на однесување на вработените.<br>- Куќен ред кој доследно се почитува. Со Куќниот ред и кодексите се запознаваат учениците и родителите на почетокот од секоја учебна година, на првата родителска средба и истите се истакнати на видни места во училиштето и објавени на училишната веб страна.</td></tr>
<tr><td>Училишна клима</td><td>Училишната клима се гради врз основа на водење конструктивен професионален дијалог помеѓу вработените и градење позитивни односи на релација „наставник – ученик“, „наставник – родител“ и „ученик – ученик“. Во донесувањето одлуки за училиштето учествуваат и имаат влијание директорот, наставниците, стручните соработници, родителите и другиот кадар кој е вработен во училиштето. Вработените имаат доверба еден во друг, градат добри професионални односи меѓу себе, вршат размена на материјали и несебично се поддржуваат меѓу себе. Поискусните наставници несебично им помагаат и позитивно влијаат на своите колеги. Учениците се рамноправни партнери во процесот на учење и тие секогаш имаат право да го искажат своето мислење/став и нивното мислење се зема во предвид. Во училиштето постојат пропишани процедури (правилници) за преземање мерки во случај на прекршување на правилата на</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | однесување наведени во кодексите. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Проблемите во врска со поведението и дисциплината се решаваа со помош на оделенските наставници, предметните наставници и стручните соработници во училиштето. Отсуствувањето на учениците од училиште најчесто е од оправдани причини, болест, учество на натпревари и слично. Поведението на учениците на ниво на паралелка, генерација и индивидуално е примерно. На крајот од учебната 2023/24 година со примерно поведение се 725 ученици. На крајот од учебната 2024/25 година со примерно поведение се 720 ученици. На дел од учениците од III-IX одд. во текот на наставната година им се изречени педагошки мерки. Согласно член 51 од Правилникот за Педагошки мерки за учениците во основното училиште (Сл. весник на РМ, бр.27 од 5 јуни 1996 година), педагошките мерки важат до крајот на учебната година во која се изречени. Во текот на учебната година со цел да се одржи редот, дисциплината и безбедноста во училиштето, организирани се секојдневни дежурства од предметни и одделенски наставници. Училиштето има Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки со што се регулира однесувањето и изостанувањето на учениците од наставата, а согласно на тоа се изрекуваат педагошки мерки на учениците кои покажуваат несоодветно однесување и непоравдано изостануваат од наставата. Со овој правилник се запознаени учениците, наставниците и родителите, а се наоѓа и на веб страната на училиштето.<br>Во текот на учебната година се врши избор на пофален ученик на ниво на паралелка и истиот се истакнува на крајот од тримесечје, полугодие и учебната година.<br>Исто така, постои Правилник за избор на првенец на генерација (ученик од IX одд.). Најпрво се објавува конкурс за избор на првенец. Учениците приложуваат документи, изборот го врши училишна комисија, а учениците се наградуваат со дипломи и награди. Континуирано се следи напредокот на учениците од страна на наставниците, се дава поддршка на надарените ученици и талентираните ученици, а истите учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари.<br>Во интерес на учениците и афирмирање на училиштето наставниците ги подготвуваат учениците за учество на натпревари, а за постигнатиот успех добиваат сертификати за наставници |

| | | |
|---|---|---|
| | | ментори, кои ги приложуваат во своето професионално досие. Училиштето ги покрива патните трошоци на наставниците и учениците кои учествуваат на натпревари надвор од градот Скопје. Меѓутоа, постои незадоволство кај наставниците затоа што натпреварите се одржуваат во сабота, односно во неработен ден.<br>Процедурата за изрекување на педагошките мерки на учениците во целост се следи.<br>Родителите на учениците се запознаени се жалбените постапки (жалба за неправилно оценување, намалено поведение и слично). За жалбените постапки родителите се информираат преку општи родителски средби, Совет на родители и индивидуални средби со одделенските наставници, раководителите на паралелките или со стручните соработници.<br>Учениците се безбедни при престој во нашето училиште. Безбедноста на учениците се регулира со дежурства на наставниците пред почетокот на наставата, за време на малите и големите одмори и по завршување на наставата. Во нашето училиште има и дежурна училница за ученици кои следат настава со продолжен престој кои се згрижени еден час пред почетокот на наставата и еден час по завршување на наставата. За безбедноста на учениците се грижи и дежурниот наставник во училиштето. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Учениците учествуваат во решавање проблеми и донесување одлуки кои се од нивен интерес. Тоа се реализира преку активностите на Ученичкиот парламент со кој редовно се одржуваат средби и работилници. Донесените одлуки на учениците при решавање на проблеми се почитуваат.<br>Заедница на паралелката е заедница на учениците од I до IX одделение во која членуваат 740 ученик. Претставниците кои членуваат во неа се демократски избрани од своите соученици.<br>Таа работи според програма која е креирана од досегашните позитивни искуства и идеи на учениците и наставниците.<br>Заедницата ги промовира интересите на училиштето и учениците кои активно учествуваат во училишниот живот. Учениците соработуваат со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, локалната самоуправа и други институции. Со работата на заедницата се подобрува квалитетот на учењето, се стекнуваат позитивни и здрави навики на живеење и однесување, |

| | | |
|---|---|---|
| | | другарување, почит и хуманост. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Познавање и почитување на правата на децата | Сите вработени во училиштето, учениците и родителите за запознаени со правата на децата.<br>На час на одделенската заедница преку програмата „Образование за животни вештини“ се третираат различни теми кои им помагаат на учениците да разберат и применуваат принципи на еднаквост и правичност**.** Оваа тематика е исклучително важна за нивниот личен развој и за формирањето на здрави општествени и етички ставови. Со учениците се организираат работилници за детските права и одговорности и училиштето остварува успешна соработка со Првата детска амбасада „Меѓаши“. |
| | Еднаков и правичен третман на сите | Наставниците ги почитуваат принципите на еднаквост и правичност во однос на сите ученици. Училиштето постојано работи на создавање и унапредување на позитивната клима преку различни слогани истакнати во училиштето, реализација на теми на одделенски часови и презентации на стручни активи на<br>таа тематика. Во нашето училиште имаме ученици со различни психофизички способности, како и ученици со пречки во развојот. Истите многу добро се прифатени, како од наставниците, така и од соучениците. Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите.<br>Во училиштето добро е прифатен и се промовира мултикултурализмот преку Проектот на УСАИД „Меѓуетничка интеграција во образованието“. Училиштето позитивно ја промовира етничката, културната и верската различност во училиштето и заедницата. Учениците постојано учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција, како и културата и традицијата на другите етнички заедници во нашата татковина, без разлика на која етничка група припаѓаат. Во училиштето редовно се реализираат воспитни теми од оваа област, а исто така се организираат и активности кои обезбедуваат меѓуетничка соработка на учениците и вработените. Нашето училиште е збратимено со основното училиште „Кирил и Методиј“– с. Стајковци, општина Гази Баба. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На крајот од учебната 2024/25 год. од вкупно 740 ученици од I до IX одделение, етничката структура на учениците е следнава: 714 ученици или 96,49% се македонци (368 момчиња, 346 девојчиња), додека останатите припаѓаат на други етнички заедници, односно: 7 срби (4 момчиња и 3 девојчиња) или 0,95%, 15 роми (10 момчиња, 5 девојчиња) или 2,03 %, 2 албанци (1 момче, 1 девојче) или 0,27% , и други 2 (1момче, 1 девојче) или 0,27%. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Соработка на училиштето со родителите/<br>старателите | Скоро сите информации кои се однесуваат на работата на училиштето се достапни за родителите, во пишана и/или електронска форма. Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето. Постојат извештаи за реализирани соработки со родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.<br>Во рамките на Годишната програма за работа на нашето училиште има Програма за соработка со родителите. Преку Советот на родители, родителите се вклучени во работата на училиштето кој работи со своја програма и Деловник за работа, пришто родителите се информираат за училишните активности во текот на годината, даваат предлози, мислење и сугестии за подобрување на воспитно - образовната работа. Исто така, родителите имаат свои претставници во Училишен одбор и на тој начин се вклучени во управувањето со училиштето. Училиштето повремено добива спонзорства и донации за подобрување на материјално - техничките услови за работа во училиштето од родители и фирми. Родителите соработуваат со паралелките во кои учат нивните деца на различни начини, преку предавања на различни теми, организирање на еко-акции и останата поддршка во реализацијата на наставните и воннаставните активности. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и |

| | | |
|---|---|---|
| | | заедницата.<br>Во рамките на Годишната програма за работа на нашето училиште има Програма за соработка со локалната средина. Училиштето остварува успешна и квалитетна соработка со локалната самоуправа и со локалната заедница. Покрај тоа, училиштето во континуитет соработува со Министерството за образование и наука, Биро за развој на образовението, Државен испитен центар, образовни институции, здравствени установи (Поликлиника Ѓорче Петров, ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост", Стручен тим Скопје – 1 за Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје), ЈУ Центар за социјални работи на град Скопје, Полициска станица Карпош, невладини организациии и институции. Постои континуитет на разни културни и воспитно - образовни настани и посети. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Превенција и заштита од насилство | Училиштето има Упатство и правилник кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Истото е достапно за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените ја знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според упаството за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците. Навремено се известуваат Центарот за социјални работи, Министствоерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители/старатели.<br>По преземените активности, насилството од прво и второ ниво во училиштето се намалуват, а нема евидентирано насилство од трето ниво. |
| | Заштита од пушење, | Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана за пушење. Во училиштето се реализираат активности |

| | | |
|---|---|---|
| | алкохол и од дрога | за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. |
| | Квалитет на достапна храна | Училиштето активно се грижи за квалитетот на храната што им се нуди на учениците, со цел да се обезбеди не само вкусна туку и нутритивно балансирана исхрана која ќе придонесе за нивниот здрав развој и благосостојба. Се стреми кон тоа учениците да имаат пристап до свежи, здрави и безбедни продукти, како и да се научат на важноста на правилната исхрана како дел од нивниот образовен процес.Едукацијата за здрава храна има за цел да ги информира учениците за основите на здрава исхрана, значењето на редовните оброци, избирањето на полнозрнести и природни продукти, како и балансот помеѓу различните видови на храна. Програмите кои се организираат вклучуваат работилници, предавања и практични активности кои ги охрабруваат учениците да ги усвојат добрите навики за здрава исхрана. |
| | Хигиена и заштита од болести | Училишните тоалети се чисти, дезинфицирани и ги задоволуваат законските прописи. Дезинфекцијата се врши со соодветни средства кои делуват врз бактериите и вирусите. Во секое време во тоалетите има течен сапун.<br>Во училиштето три до четири пати годишно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација, а по потреба и дополнитетлно од страна на соодветна компанија која што е избрана на јавна набавка од Општина Карпош.<br>Воспитно се делува учениците соодветно да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците, и останатите простории се чистат повеќе пати во текот на денот, додека учениците се на настава и по завршување на сите училишни активности.<br>Подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на наставата и по завршување на истата.<br>Прозорците, вратите и останатиот инвентар во училиштето се чистат најмалку по два пати во секое полугодие.<br>Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци.<br>Училиштето има програма за превенција од зарзни болести. Сите вработни и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има лица кои се сертифицирани за давање прва помош. |
| | Грижа за безбедноста | Училиштето е обезбедно од пожар со вкупно 12 ПП-апарати кои |

| | | |
|---|---|---|
| | на учениците и вработените | редовно се сервисираат. Училиштето располага со вкупно 6 хидранти кои се функционални. Постои документ за извршено мерење на громобранската инсталација.<br>Училиштето има интерен акт за преземени мерки и активности за заштита на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди. Постои план за евакуација и акционен план. Со стрелки по ѕидовите јасно се означени патеките по кои треба да се движат учениците за време на евакуација.<br>Во нашето училиште се вршат повремени симулации за елементарни непогоди преку спроведување на вежбовни активности – евакуација на учениците од одделенска и предметна настава. Учениците го препознаваат знакот кој алармира елементарна непогода и крај на истата. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето има увид кои деца потекнуваат од социјално загрозени семејства и се изработува соодветен преглед со потребни податоци за тие ученици. Училиштето се грижи за тие ученици и им помага на разни начини. Во училиштето се организираат хуманитарни акции за собирање прехранбени продукти, облека, хигиенски средства, училишен прибор и парични средства. Во соработка со доставувачот на училишна исхрана, училиштето обезбедува бесплатна ужинка и топол оброк за неколку ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Во соработка со туристичките агенции, за овие ученици се обезбедува попуст за повеќедневни екскурзии. Во соработка со културните установи, за овие ученици се организира бесплатно следење на театарски и кино претстави, фестивали и други културни активности.<br>Училиштето прави секакви напори да им помогне на овие ученици во соработка со ЈУ Центар за социјални работи – Скопје, Црвен Крст на РСМ, Општина Карпош, хуманитарни организации и други организации. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | родителите на овие ученици кои се активни партнери во процесот на планирање и имплементација на грижата за нивните деца. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, а истата е истакната на веб страната на училиштето. Стручната служба во училиштето е обучена да им помогне на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители, а по потреба ги упатуваат до релевантни |

| | | |
|---|---|---|
| | | институции. Наставниците и стручната служба настојуваат да имаат што повеќе информации и податоци за учениците, за нивното здравје, како за физичкото, така и за менталното здравје, односно за физичкиот, емоционалниот и социјалниот аспект од развојот на учениците. Истите се добиваат од разговори со родителите од страна на педагошко-психолошката служба и одделенските наставници, примена на расположливите психолошки техники од страна на психологот и во соработка со соодветни стручни лица и институции.<br>Специјалниот едукатор и рехабилитатор во училиштето води досиеја, кои содржат податоци на учениците со ПОП, со мислење на наведените институции. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Во рамките на Годишната програма на училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Училиштето обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел се организираат посети и презентации на државни и приватни средни училишта, дистрибуција на промотивен материјал, брошури, флаери и соопштенија со корисни информации. На часот на одделенската заедница, учениците од IX одд. се запознаваат со видовите средни училишта во градот и условите за запишување во нив. Во училишниот хол има уредено пано за професионална ориентација каде редовно се истакнува . Конкурсот за упис во средни училишта и условите за упис. За професионална ориентација на учениците, училишниот психолог врши соодветни тестирања на способностите и интересите на учениците. Исто така, стручната служба реализира групни и индивидуални разговори со учениците за нивното понатамошно образование. Училиштето им помага на учениците во изборот на нивното понатамошно образование преку следење на нивниот успех и покажаните афинитети, утврдување на нивните намери за продолжување на школувањето, преку совети на одделенскиот раководител и стручната служба, запознавање со професиите и потребните способности и особини на личноста за истите, можноста за вработување и напредување. Училиштето се грижи за ученици со емоционални потешкотии, без оглед на изворот (семејни проблеми, насилство, занемарување и слично). Стручната служба и наставниците преземаат соодветни активности, разговори и упатување на тие |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученици и нивните родители/старатели до релевантни институции. Училиштето има постојана соработка со јавните здравствени установи, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Скопје, Министерство за внатрешни работи и Полициска станица Карпош. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| |
|---|
| Опис/резиме на подрачјето<br><br>Веб страната на училиштето по потреба се ажурира со сите потребни информации и фотографии, пришто училиштето врши континуирано информирање и промовирање на воспитно – образовната работа.<br>Учениците учествуваат и имаат освоено голем број награди на општински, регионални и државни натпревари, нивните постигања соодветно се вреднуваат и наградуваат.<br>Училиштето развива инклузивна и безбедна средина, насочена кон почитување на детските права, еднаквост и правичност. Преку програмата „Образование за животни вештини“ и соработка со Детската амбасада „Меѓаши“, учениците се едуцираат за своите права и одговорности, а наставниците практикуваат пристап заснован на почит и инклузивност. Активно се промовира мултикултурализам и меѓуетничка соработка, поддржана од проектот на УСАИД, што се одразува и во етничката структура на училиштето.<br>Училиштето соработува со родителите преку Советот на родители и други форми на партнерство, обезбедувајќи транспарентност и вклученост во одлучувањето. Воспоставена е мрежа за соработка со локални институции и невладини организации.<br>Се спроведуваат активности за заштита на учениците од насилство, заштита на здравјето, правилна исхрана и лична хигиена. За<br>учениците со здравствени и социјални потешкотии се обезбедуваат индивидуална поддршка, хуманитарна помош и инклузивни образовни практики. Особено внимание се посветува на менталното здравје и професионалната ориентација на учениците. |
| **Силни страни**<br>• Учениците учествуваат и имаат освоено голем број награди на општински, регионални и државни натпревари;<br>• Училиштето е препознатливо поради солидниот успех на учениците во понатамошното образование и квалитетното знаење што го имаат стекнато во основното образование, како добра основа за понатамошен напредок;<br>• Училиштето е отворено за соработка со локалната средина и пошироката заедница за унапредување на воспитно-образовниот процес. |
| **Слаби страни**<br>• Недостаток на просторија за индивидуални средби и разговори со родители/старатели со соодветна звучна изолација;<br>• Недоволно детски реквизити во училишниот двор наменети за игровни и рекреативни активности за учениците кои следат настава со продолжен престој. |
| **Приоритети**<br>• Обезбедување просторија за средби со родители/старатели, наменета за индивидуални разговри;<br>• Збогатување на детското катче со нови реквизити. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| 4.1 Управување и раководење со училиштето<br><br>4.2 Цели и креирање на училишната политика |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); развојна програма на училиштето; програма за работа на директорот; програми за професионален развој; докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето; прашалник за одговорното лице од општината; докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни | Управување со училиштето | Училишниот одбор со закон е овластен да ја следи работата на училиштето. Училишниот одбор од нашето училиште е составен од 7 члена и тоа: 3 члена и тоа претставници од наставниците и стручните соработници (избрани на седница на Наставнички совет со тајно гласање), 3 члена претставници од родителите на учениците и 1 член од основачот (Општина Карпош - како носител на основачки права). Сите членови имаат определен законски мандат. Училишниот одбор е конституиран согласно со Законот за о образование и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на Училишниот одбор. Состаноци на Училишен одбор најчесто се реализираат еднаш месечно, а по потреба и повеќе пати. Состаноците се одржуваат со потребното мнозинство на членови на одборот. Реализација на состаноците се одвива со физичко присуство, но и преку апликацијата Zoom во зависност од можностите и потребите на членовите на Училишниот одбор, а со цел истиот да ја извршува работата транспарентно. Седниците на Училишниот одбор се свикуваат по електронска пошта и со писмени покани. Училишниот одбор им обезбедува редовнии сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти кои се вклучени во воспитно - образовниот процес. Сите одлуки и заклучоци се донесуваат со консензус и истите се објавуваат на огласна табла. За работата на Училишниот одбор се водат записници. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган. За потребите на квалитетна реализација на ингеренциите на Училишниот одбор по потреба на состаноците се поканува директорот и секретарот на училиштето да присуствува на седниците на одборот. Во соработка со директорот се составува дневниот ред за седниците и истите се закажуваат во точно прецизиран термин, во попладневните часови. Доколку има потреба претседателот на Училишниот одбор врши консултации со директрот со цел да се надминат |

| | | |
|---|---|---|
| мрежи<br><br>(активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека. | | проблемите и одредени недостатоци. Исто така, директорот на училиштето по потреба иницира информативно - консултативни разговори со Училишниот одбор за непречено реализација на целокупната работа на училиштето. Покрај тоа, Училишниот одбор успешно соработува со Советот на родители, локалната самоуправа и со други институции. |
| | Раководење со училиштето | Орган на раководење на основното училиште е директорот. Директор на ООУ „Димо Хаџи Димов" - Скопје е Лела Николовска со доставено решение на 16.08.2024 година. Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Визијата на директорот е современо, иновативно, отворено училиште за промени и развој кое ќе може да одговори на предизвиците на 21-от век, училиште по мерка на детето со здрава училишна клима, каде со задоволство ќе соработуваат учениците, наставниците и родителите, во кое ќе се применува современа образовна технологија и креативна настава, пришто учениците ќе стекнуваат трајни и функционални знаења, вештини и вредности со надминати предрасуди. Раководењето со училиштето се стреми истото да биде средина за учење и работа во која на учениците ќе им се дава можност целосно да го реализираат својот потенцијал, со додатна образовна поддршка на потенцијално надарените ученици и на децата од ранливите групи.<br>Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа. Тоа го врши преку редовно следење на работата, посета и набљудување на часови и прибирање извештаи од реализирани активности. Добрата пракса што постои во училиштето се промовира преку секојдневна комуникација со вработените, состаноци на Стручни активи и споделување добри воспитно - образовни практики преку социјални медиуми. Информирањето на останатите структури во училиштето директорот го врши преку директна комуникација со вработените, преку соопштенија на огласна табла, веб страна, електронска пошта, телефонски разговори и состаноци на стручните органи. Директорот донесува самостојно одговорни одлуки. Директорот има изградено личен |

| | | |
|---|---|---|
| | | кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Директорот добро ја врши раководната функција, има определби кон зголемување на стандардите, професионално усовршување на наставниците и развој на учениците. Тоа го врши преку споделување искуства, следење обуки организирани од МОН, БРО и други акредитирани институции. Директорот ги идентификува добрите и слабите страни во подрачјата на делување на училиштето и благовремено предлага акциски планови за подобрување во одредени подрачја или нивни сегменти.<br>Директорот иницира и воспоставува продуктивна соработка со непосредната и пошироката заедница. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училишниот објект е од типот монтажна градба со вкупна корисна површина од 4662м2. Училиштето располага со 23 адекватни училници, 10кабинети.<br>фискултурна сала со соблекувални, библиотека со читална, административни простории за директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, секретар, домаќин, наставничка канцеларија и кујна со трпезарија. Други простории: работилница. Има вкупно 10 санитарни јазли и сите се реновирани. Училиштето има ПТТ врска и интернет мрежа, громобранска мрежа и 35 противпожарни хидранти. Училишниот двор е со површина од 17 929 м2. Спортските терени се со површина од 1 843 м2, фудбалско игралиште кое што е реновирано и обложено со вештачка трева.<br>ООУ „Димо Хаџи Димов“ – Скопје нема подрачни училишта.<br>Училишниот објект ги исполнува условите за изведување на настава во една смена. Капацитетите се користат оптимално и нив можат да ги користат сите членови во училиштето.<br>Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е на задоволително ниво, според нормативот за |

| | | |
|---|---|---|
| | | нагледни средства, но потребно е истите континуирано да се обновуваат и збогатуваат согласно потребите. Училиштето преку анкетирање на наставниците на почетокот од учебната година, ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, па соодветно на тоа и согласно буџетските средства врши набавки на истите.<br>Училиштето поседува материјали за практична работа, географски карти, историски карти, енциклопедии, плакати, торзо, микроскопи, музички инструменти, спортски реквизити и друго за поквалитетна реализација на наставата. Училишната библиотека располага со вкупно 17 699 примероци на книги, лектирни изданија, стручна литература и странска литература.<br>Училиштето последен пат има набавено книги за библиотеката во мај, 2024 година. Во училишната библиотека дел од книгите се застарени, но се обновуваат со нови во зависност од потребите и можностите на училиштето.<br>Библиотечната евиденција се води во инвентарна книга, а задолжувањето на книги се врши со картон на ученикот и картон на книгата. Библиотеката е отворена за ученици од 07:30 – 15:30 часот. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа според која ги реализира предвидените активности. Библиотекарот доставува извештаи за работата во библиотеката, набавената литература и потребите за понатамошна набавка. Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и воннаставните активности, но истиот не во доволна количина. Потрошниот материјал го снабдува по потреба со договор постапки. |
| | Раководење со кадарот | Наставниците редовно учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието. Исто така, согласно потребите за професионално усовршување на наставниот кадар и расположивите средства од буџетот, училиштето организира интерни обуки со надворешни обучувачи. Стручната служба континуирано го следи стручното усовршување на наставниците и нивното учество на обуки, семинари и конференции, а истите се евидентираат во Професионалното досие на наставниците. Работата на наставник-приправник или стручен соработник-приправник ја следи наставник-ментор или стручен соработник- |

| | | |
|---|---|---|
| | | ментор, кој на приправникот му дава соодветна стручна помош. Назначените ментори имаат изготвена програма за менторство и истата ја реализираат. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Наставниот процес во училиштето го реализираат 59 наставници (11 мажи и 48 жени), педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, библиотекар и директор.<br>Наставниот кадар брои вкупно 59 вработени. Од вработените 55 се вработени на неопределено работно време, а 3 со определено работно време. Во училиштето има 2 наставници-приправници и за кои директорот има назначено ментори.<br>Со високо образование се 58 вработени наставници и стручни соработници,со вишо образование се 4 вработени и со завршени магистерски студии 5 вработени.<br>Со работен стаж до 10 години се 13 наставници и стручни соработници, од 11 до 20 години има 19 наставници и стручни соработници, од 21 до 30 години има 22 наставници и стручни соработници и над 31 година работен стаж имаат 8 наставници и стручни соработници.<br>Според етничката припадност на наставниот кадар 55 се Македонци, 2 Срби, 2 во други.<br>Сите наставници имаат соодветна стручна подготовка согласно Законот за основно образование и според нормативите на наставен кадар.<br>Наставниот кадар континуирано стручно се усовршува со посета на обуки што ги организира Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Во изминатите две учебни години (2023/24 год. и 2024/25 год.), наставниците и стручните соработници завршиле обуки и семинари организирани од МОН, БРО, факултети, акредитирани здруженија и организации. Од страна на директорот и стручната служба во текот на годината се врши посета и набљудување на часови кај одделенските наставници и предметните наставници. За истото училиштето располага со соодветна документација.<br>Училиштето има изготвено Програма за професионален развој на наставниот кадар. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието според нивната програма која е минимум два пати во годината. Исто така, согласно потребите за |

| | | |
|---|---|---|
| | | професионално усовршување на наставниот кадар и расположивите средства од буџетот, училиштето организира интерни обуки со надворешни обучувачи. Стручната служба континуирано го следи стручното усовршување на наставниците и нивното учество на обуки, семинари и конференции, а истите се евидентираат во Професионалното досие на наставниците. Работата на наставник-приправник и стручен соработник-приправник ја следи ментор, кој на приправникот му дава соодветна стручна помош. Назначените ментори имаат изготвена програма за менторство. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и<br><br>евалуација за реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите,<br><br>учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи<br><br>за работата на училишниот одбор; деловник за работа на | Процедури за креирање на училишната политика | Целите на нашето училиште се прецизно формулирани, транспарентни и доследно се усогласени со мисијата, визијата и основните вредности на училиштето. Тие целосно ги следат насоките од националната и локалната образовна политика. Приоритет се дава на подигнување на квалитетот на наставниот процес, континуирана професионална надградба на наставниот кадар, подобрување на училишната атмосфера, како и напредок во ученичките постигнувања.<br>Политиката на училиштето се развива преку активно и одговорно раководење. Процесот на креирање политики е заснован на јасна распределба на надлежности и комуникација при донесување и спроведување одлуки. Улогата на различните совети и тела е клучна – Наставничкиот совет, Советот на одделенските наставници и Советот на предметните наставници, Училишниот одбор, Советот на родители и ученичките заедници се вклучени во носењето одлуки и оформување политики. Сите заинтересирани страни (наставници, родители, ученици) се информираат и консултираат при дефинирање на клучните насоки на училиштето. Овие процеси најчесто се реализираат преку редовни состаноци, известувања, бележници, информативни табли, огласи и слично.<br>Годишната програма за работа на училиштето содржи јасно дефинирани образовни политики во сите области. Училиштето веќе 16 години активно спроведува ЕКО-активности, за што |

| | | |
|---|---|---|
| училишниот одбор; план за професионален развој; буџет и финансиски план на училиштето. | | добиено е и признание-наградата Зелено знаме. Во согласност со Законот за основно образование, училиштето активно ја применува инклузивната практика, обезбедувајќи услови за вклучување на ученици со посебни образовни потреби. Во таа насока, соработуваме со релевантни институции како ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост“, како и со ЈЗУ Здравствен дом Скопје-ОЕ Служба за функционална проценка на деца и млади. Организирани се и стручни обуки и семинари за наставниците со цел да се унапреди работата со овие ученици и соодветна комуникација со нив. Соработката со родителите на овие ученици е континуирана и конструктивна.<br>Наставата се реализира интерактивно и активно, со вклучување на учениците во дополнителна настава и активности со цел поддршка и развој на учениците.<br>Училиштето користи различни канали за промоција на своите образовни политики преку веб-страна, социјални мрежи, постери, презентации, медиумски настапи. Сите цели и насоки се поткрепени со соодветни документи.<br>Вработените имаат значајна улога во дефинирањето на целите, а во процесот активно се вклучени и учениците и родителите, кои се запознаени со механизмите за нивна реализација. Се охрабрува вклучувањето на целата училишна и локална заедница со цел постигнување на поставените цели, кои имаат позитивно влијание врз секојдневното функционирање на училиштето. Во Годишната програма за работа на училиштето се вградени целите на училиштето, додека Развојната програма претставува стратешки документ што се донесува на секои четири години, каде се дефинира долгорочната образовна политика.<br>Директорот редовно подготвува и доставува извештаи за работата на училиштето до релевантните институции (Општина Карпош, МОН, БРО), вклучувајќи: Годишна програма за работа на училиштето, Полугодишен извештај за работа, Годишен извештај за работа, Извештај за материјално работење и други потребни документи.<br>При креирањето на интерните документи што го регулираат ученичкото однесување, директорот соработува со Наставничкиот совет, Советот на родители и Ученичкиот парламент. Сите вработени се дел од процесот на ажурирање и унапредување на |

| | | |
|---|---|---|
| | | стратегии за реализација на училиштните цели.<br>Образовната политика на училиштето е поддржана со правни и интерни акти, кои обезбедуваат нормативна основа за делување. Тие вклучуваат:<br>• Куќен ред;<br>• Статут на ООУ „Димо Хаџи Димов“ – Скопје;<br>• Систематизација на работните места;<br>• Должности на воспитно-образовниот кадар;<br>• Правилник за распоред на работно време на наставници и стручни соработници;<br>• Правилник за начинот на изведување ученички екскурзии и други слободни активности;<br>• Деловникот за работа на Наставнички совет;<br>• Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки;<br>• Правилник за начинот и постапката при полагање на стручен испит за наставник, стручен соработник и воспитувач во основното училиште; Правилник за начинот на водење на педагошката документација и евиденција;<br>• Правилник за оценување, напредување и полагање на испити за учениците во ООУ „Димо Хаџи Димов;<br>• Кодекс за однесување на учениците;<br>• Кодекс за однесување на родители;<br>• Кодекс на однесување на вработените во ООУ „Димо Хаџи Димов“ – Скопје;<br>• Еко-кодекс;<br>• Кодекс за заштита на компјутерите во училиште;<br>• План за заштита и спасување;<br>• Правилник за видео надзор;<br>• Правилник за заштита од пожари и други природни непогоди.<br>Во Правилникот за пофалби, награди и педагошки мерки, прецизно се утврдени критериумите за избор на најдобри ученици по одделенија (IV–IX), како и критериумите за прогласување првенец на генерација. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите во Развојната програма за работа на основното училиште се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата и визијата на |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето. Програмата беше изработена од училишен тим за развојно планирање. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите. Училиштето ги информира наставниците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати (состаноци на Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, објави на веб страна на училиштето). Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниот кадар и има изготвено соодветна програма. Наставниот кадар учествува на обуки, семинари, конференции, мобилности за наставници и ученици надвор од училиштето и друго, организирани од МОН, БРО, акредитирани здруженија и други владини и невладини организации. Покрај тоа, училиштето организира интерни обуки со надворешни обучувачи согласно потребите на наставниот кадар и според одобрени средства во буџетот на училиштето. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење. Се организираа интерни работилници, дисеминации, предавања и отворени часови наменети за стручно усовршување на наставниците. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства, континуирано ја планира набавката, а според можностите се обезбедуваат потребните материјално-технички средства. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување на внатрешната инфраструктура и обезбедува набавка на материјално-технички средства преку обезбедени средства од Општината и преку блок дотации од Буџетот на РСМ и средства од проекти за наменско инвестирање во истите. Училиштето има воспоставена добра соработка со локалната самоуправа и деловната заедница во однос на подобрување на инфраструктурата |
